








06.09.2009, 17:56

# КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ, КУЛТУРНИ ПРОМЕНИ - ИЗЛОЖБА ВО СКОПЈЕ



**Светска банка и Амбасадата на Швајцарија во РМ ја продолжуваат презентацијата на македонски дела во своите објекти**

Катерина Богоева

Светска банка и швајцарската амбасада во земјава, продолжуваат со реализација на лани започнатиот ликовен проект, презентација на избор на дела од современата македонска ликовна сцена, со цел на домашната и меѓународната јавност да и ја презентираат моќта на уметноста и да го поттикнат нејзино влијание врз општествениот развој.Изложбата ќе биде отворена на 15 септември, и овој пат во галеријата на Швајцарската амбасада, а веќе селектираните 14 дела од завршениот конкурс, ќе бидат презентирани паралелно и во просториите на Светска банка во центарот на Скопје.

„Уметност и развој“ беше насловот на минатогодишната презентација, а годинава организаторите во тек со актуелните, глобални случувања и по повод најавената светска конференција за климатски промени што треба да се одржи во декември во Данска, ја насловиле како „Климатски промени, културни промени“. На неа ќе бидат презентирани дела во најголем број на млади, но и на веќе потврдените авторски имиња: Атанас Ботев, Благојче Наумовски, Ели Аиновска, Елпида Хаџи Василева, Емил Шулајковски, Гордан Апостоловски, Хилми Мехмети, Христина Зимбанова, Мирна Арсовска, Мирослава Микица Трујкановиќ, Мухамед Идризи, Невзат Бејтули - Кица, Роберт Пашовски и Велимир Жерновски. Сите, освен Мирна Арсовска учествуваат со своите дела по прв пат, а новина е што освен слики, графики, скулптури, ќе бидат презентирани и инсталации. Ќе продолжи и планираниот принцип, уметниците од вредноста на продадените дела да одвојат по 10 проценти за одредена хуманитарна или општествена организација.

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- СЈО ИНСИСТИРА НА ПРИТВОР ЗА КОЧАН - МОЖЕ ДА ГО ПОВТОРИ ДЕЛОТО
- МАКЕДОНСКАТА ПОЕЗИЈА И ПРОЗА НА САЕМОТ ВО ВАРШАВА
- РЕВИЈАЛНА ТРКА "ВОЗИ ПРАВО, ВОЗИ ЗДРАВО"
- ИТАЛИЈА ВОВЕДУВА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ВАКЦИНАЦИЈА НА ДЕЦАТА
- ИВАНОВ НА СВЕТСКИ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ВО ЈОРДАН

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Од првата изложба веќе се продадени две дела, по едно на двајцата ликовни уметници Симонида Филипова-Китановска и Нехат Беќири. Откупеното делото „Островот Катиханк“ на Филиповска, се наоѓа во просториите на седиштето на Банката во Вашингтон, додека делото „Игра“ на Беќири го откупило едно од македонските министерства. Филипова е задоволна е покажаниот интерес на посетителите за нејзините слики, а пред се од професионалноста на организаторите при посредување во продажба и транспорт на делата. Таа планира да донира средства во СОС Детското село во Скопје, додека Нехат Беќири веќе донирал во тетовската, невладина организација „Сонце“. Тој најавува дека постои интерес за продажба на уште една негова слика, што беше изложена во галеријата на Швајцарската амбасада, во една од најфреквентните градски улици.

Скулпторот Гоце Наневски кој учествуваше во првата изложба, смета дека проектот покажал постоење на добра волја, но дека постои потреба да се поработи можеби повеќе на методологијата за презентација за да може што повеќе дела да бидат и продадени. На првата изложба освен споменатите, учествуваа и потврдени автори, но и студенти: Ана Димчевска, Дијана Томиќ - Радевска, Ибрахим Беди, Маријана Шијакоска, Милена Тоневска, Славица Јанешлиева, Тања Балаќ, Теута Хоџа, Жанета Вангели, Мирна Арсовска и Зоран Тошевски, а куратор беше Златко Теодосивески.

Годинава изборот на делата за изложбата „Климатски промени, културни промени“, е направен од две историчарки на уметност, Марина Галвани, главен арт - куратор на Банката и од уметничкиот директор на „Кунст Хале“ во Луцерн, Лилијан Фелман.

Инаку, вакви проекти Светска банка организира и во Молдавија и Камерун, а како што посочи Денис Бошковски, одговорен за односи со јавноста, нивната реализација зависи од капацитетот и интересот на вработените во канцелариите низ светот.„Банката се труди да и помогне на локалната заедница со различни проекти, како што е и овој, кој го работиме со задоволство“. Нагласи дека бројот на продадените дела во првата година, се поклопил со неговите очекувања.

„Во канцелариите на Светска банка во Скопје годишно поминуваат по 400 - 500 луѓе кои имаат можност да ги видат делата, но најголем дел од нив не доаѓаат со намера да ги купат. А дел од нив беа и со голема димензија, што претставуваше одреден проблем поради потребните високи трошоци за транспорт, така да и покрај покажаниот интерес, не беа продадени“.

Минатиот септември проектот започна според зборовите на швајцарската амбасадорка Никол Вирш, „како неминовна потреба од поврзување на уметноста, политиката и економијата во севкупниот развој на Македонија, со презентирање на авторското творештво и на места каде се говори и одлучува за развојот.Таа очекуваше позитивни одгласи и кај членовите на македонската влада, кои во разговори со неа, беа изразиле желба во своите простории да изложат дела од домашни автори. „Би сакале делата на уметниците да влезат во нејнеобичните места, да излезат од музеите и галериите“ рече тогаш Вирш.

Статијата е прочитана 1574 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

Deutsche Welle
- Пипа кажа „Да“
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Почна ликовната колонија „Св. Јоаким Осоговски“**
**Дали збирката од 1.200 предмети навистина и' припаѓа на славната Фрида Кало?**
**Вчера откажани перформансите на Биеналето**
**Роулинг ги отфрли обвинувањата за плагијат на „Хари Потер“**
**Изложба на Цане Јанкуловски во Софија**
**Мојата генерација гореше во литературата**
**Ревија на празнични народни носии**